**20090911708**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 142 од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 7/2008), Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, на седница одржана на 20.07.2009 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНИ ОГРАНИЧУВАЊА НА ВЛОЖУВАЊАТА НА СРЕДСТВАТА НА ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД ВО ОДДЕЛНИ ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ

Член 1

Максималниот процент од вредноста на средствата на доброволен пензиски фонд кои можат да се вложат во инструментите од членот 131 став (1) точка а) од Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Законот), во период од една година од датумот на првата уплата во доброволен пензиски фонд изнесува 100%.

Член 2

Максималниот процент од вредноста на средствата на доброволен пензиски фонд кои можат да се вложат во инструментите од членот 131 став (1) точка д) од Законот, во период од една година од датумот на прва уплата во доброволен пензиски фонд, изнесува 100%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.02-1311/10<br>20 јули 2009 година<br>Скопје

Претседател<br>на Управниот одбор,<br>**Анета Димовска**, с.р.